Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21,150/21,173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на РСМ,, 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ" бр. 154/23) и одредбите на колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16,10/19, 7/21 и 21/23), Советот на општина Демир Хисар на 39та седница одржана на 27.08.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на одлуката за извршување на буџетот на**
**Општина Демир Хисар за 2024 година бр.17-150/4 од 08.02.2024 год.**

**Член 1**

Во член 12 став 1 после зборот ,,месечна,, се додава зборот ,,нето,,.

**Член 2**

Во член 14 став 2 се менува и гласи:

,,Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од најмногу 100% од износот на просечната нето - плата на ниво на РСМ исплатена во последните три месеци, но не помалку од 9.000,00 денари, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот,,.

**Член 3**

Во член 15 став 2 се менува и гласи:

,,Во случај на смрт на вработениот , на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата,, .

и став 3 се менува и гласи:

,,На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата,, .

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр 17- 771/5
од 27.08.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Демир Хисар,
Љупчо Најдовски